Иницијатива за
ЕВРОПСКА ПЕРСПЕКТИВА

# ПРОЕКТНО РЕЗИМЕ
## “Младите жени против онлајн-насилство”

**Проектот „Младите жени против онлајн-насилство (YOUNG WOMEN COUNTER)“** се фокусира на критичниот проблем на родово базирано онлајн-насилство против младите жени на возраст од 15 до 29 години во С. Македонија. Ова опфаќа форми на онлајн злоупотреба како што се вознемирување, говор на омраза, онлајн-насилство и неовластено споделување на приватни слики, кои стануваат сè поприсутни во дигиталната ера. Проектот има за цел да ги зајакне капацитетите на младите жени, да ја подобри законската заштита и да ја подигне свеста во општеството за создавање на побезбедни онлајн простори.

**Проектот одговара на алармантните трендови** истакнати во националните истражувања, според кои секое трето младо лице доживеало онлајн-насилство, а додека младите жени се двојно позагрозени од мажите. И покрај постоечките напори, С. Македонија се соочува со јазови во законската регулатива, ограничена јавна свест и недоволни механизми за поддршка на жртвите, особено на младите жени. Со адресирање на овие прашања, проектот директно е усогласен со програмата за човекови права и демократија на ЕУ (2023–2024) и има за цел да придонесе кон напредокот на земјата во насока на родова еднаквост и дигитална безбедност.

**Примарните цели** на проектот вклучуваат застапување за силни законски реформи кои се усогласени со директивите на ЕУ, подигнување на јавната свест за родово базирано онлајн-насилство и градење капацитети на клучните чинители (Граѓанските организации, едукатори и професионалци од областа за превенција и спречување на овој вид на  насилство).  Проектот исто така ја нагласува важноста од воспоставување практични системи за поддршка на жртвите, вклучувајќи онлајн платформи кои нудат правна, психолошка и дигитална безбедносна помош.

**Клучните засегнати страни** во проектот ги вклучуваат **Здружението на граѓани Иницијативата за европска перспектива (IEP)** како водечка организација, во соработка со **Министерството за демографија, социјална политика и млади, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, како и платформата Младите против насилство (Youth Counter),** која обединува над 30 граѓански организации. Заедно, ќе се спроведуваат активности како што се **правни анализи, едукативни обуки, кампањи за подигање на свеста и застапување за политики**. Преку соработка со училишта, креатори на политики, инфлуенсери на социјалните мрежи и експерти за дигитална безбедност, **проектот има за цел да создаде сеопфатен и одржлив одговор на сајбер-насилството.**

Иницијативата се очекува директно да влијае на најмалку 1.000 млади жени и да вклучи над 50 граѓански организации и институции во своите напори. Преку партнерства, истражувања и застапување, се стреми да поттикне промена што ќе ги предизвика стереотипите, ќе ја промовира родовата еднаквост и ќе ги обезбеди институциите и поединците со алатки за ефикасно справување со сајбер-насилството. Со интегрирање на резултатите од проектот во националните рамки и искористување на влијанието на засегнатите страни, проектот има за цел да остави трајно наследство на безбедност, овластување и системски промени.

Проектот е со времетраење од **24 месеци**, воден од Здружението на граѓани “Иницијатива за европска перспектива” во партнерство со Здружението на граѓани “Заеднички вредности”, кофинансиран од **Европската Унија.**

Иницијатива за ЕВРОПСКА ПЕРСПЕКТИВА

**PROJECT SUMMARY**

**"Young Women Tackle Cyber-Violence (YOUNG WOMEN COUNTER)"**

**The project "Young Women Tackle Cyber-Violence (YOUNG WOMEN COUNTER**)" addresses the critical issue of gender-based cyber violence against young women aged 15–29 in North Macedonia. This includes forms of online abuse such as harassment, hate speech, cyberstalking, and the non-consensual sharing of private images, which are increasingly prevalent in the digital age. **The project aims to empower young women, strengthen legal protections, and build societal awareness to create safer online spaces.**

**The project addresses the alarming trends** highlighted in national research, according to which one in three young people has experienced online violence, and young women are twice as vulnerable as men. Despite existing efforts, North Macedonia faces gaps in legal frameworks, limited public awareness, and insufficient support mechanisms for victims, particularly young women. By addressing these issues, the project aligns with the EU's Human Rights and Democracy program (2023–2024) and seeks to contribute to the country's progress toward gender equality and digital safety.

**The primary goals** of the project include advocating for robust legal reforms that align with EU directives, raising public awareness of gender-based cyber violence, and building the capacity of stakeholders such as civil society organizations (CSOs), educators, and professionals to prevent and respond to such violence. The project also emphasizes the importance of establishing practical support systems for victims, including online platforms offering legal, psychological, and digital security assistance.

Key stakeholders in the project include the Initiative for European Perspective (IEP) as the lead organization, the **Ministry of Social Policy**, the **Commission on Prevention and Protection against Discrimination**, and the **Youth Counter platform**, which unites over 30 CSOs. Together, they will engage in activities such as **legal analysis, educational training, awareness campaigns, and policy advocacy**. By working with schools, policymakers, social media influencers, and digital security experts, **the project aims to create a comprehensive and sustainable response to cyber violence.**

The initiative expects to directly impact at least 1,000 young women and involve over 50 CSOs in its efforts. Through partnerships, research, and advocacy, it seeks to foster a cultural shift that challenges stereotypes, promotes gender equality, and equips institutions and individuals to address cyber violence effectively. By embedding its outcomes into national frameworks and leveraging the strength of its stakeholders, the project aspires to leave a lasting legacy of safety, empowerment, and systemic change.

The project has a duration of **24 months**, led by the Citizens' Association "Initiative for European Perspective" in partnership with the NGO "Common Values," **co-funded by the European Union.**